**З А П И С Н И К**

Од 3 -та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 14.11.2025 година (вторник) во салата на општина Крива Паланка'' со почеток во 12:00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Миле Трајковски.

Од 15 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 15 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. МИЛЕ ТРАЈКОВСКИ,

**СОВЕТНИЦИ**

2.ТАЊА ДЕЈАНОВСКА-МИТРОВСКА
3.НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
4.АНГЕЛА ПЕШОВСКА
5.ДЕЈАН МИЛЕНКОВСКИ
6.ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
7.АЛЕКСЕЈ НИКОЛОВСКИ
8.БОБИ ДИМИТРОВСКИ
9.ВЛАТКО РИСТОВСКИ
10.СЛАЃАНА ВУЧЕВСКА-ПЕТКОВСКА
11.АЛЕКСАНДАР РАНГЕЛОВ
12.ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА-СТАНОЈКОВСКА
13.АЛЕКСАНДАР ДАВИДОВСКИ
14. ТАЊА СТАНКОВСКА
15.ДОБРИ ЈОВЕВСКИ

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник на Општина Крива Паланка Сашко Митовски

Раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот
Даниела Велковска

Раководител на сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура Маја Костадиновска
Мартин Николовски

Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски

Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски

Раководител на Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај
Никола Граматиков

Раководител на одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија Сања Цветковска
Раководител на одделение за јавни дејности Даниела Милошевска
Раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграци Антонио Давитковски
Раководител на Одделение за администрирање на даноци, такси и надоместоци Емил Денчевски
Советник-овластен сметководител Димитар Петровски
Претставници од ОИК

Председателот на Советот даде објаснување по однос на дневниот ред дека има дополнителни точки и дека има известување од страна на службите за точка 49 дека се повлекува.

Советникот Александар Рангелов процедурално од негово име и од име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ во врска со работата на советот начинот на доставување на материјалите на несериозен и нефункционален начин.Како друга забелешка дека има проблем со опремата компјутерите се во многу лоша состојба не се отвара материјалот треба долг период да се чека.Кординаторот побара материјалите да им биде доставен во писмена форма и да не се закажува седница со 50 точки на дневен ред не е коректно бидејќи истите нема да можат ни да се разгледаат.

Претседателот на Советот даде објаснување по однос на забелешките на советникот и дека треба да се најде начин како да се дојде до материјалите и дека овие месеци ќе има совети со повеќе точки.

Председателот со Советот го стави на усвојување дневниот ред на 3-та седница на Советот и истиот е усвоен со 15 гласа ЗА.

**Д н е в е н р е д:**

1. Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај заизвршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1, К2 и К3 за III Квартал за 2025 година
2. Предлог-Одлука за усвојување на Финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година преку општинските изборни комисии за месец август – ноември
3.Предлог-Одлука за прифаќање и доделување на организација на спортските активности ,,Фудбал за сите ‘’и ,,Општински крос’’на Општински училишен спорт-Крива Планка
4. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка одобласта на спорт за 2026 година;
5. Предлог-Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2026 година;
6.Предлог-Одлука за прифаќање на фестивалот ЏОЈ ФЕСТ како дел од Програмата за активностите на Општина Крива Планка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година со доделување на финансиска подршка
7. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка вообласта на културата и културните манифестации за 2026 година;
8. Предлог- Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година во Општина Крива Паланка;
9. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко- комуникациската технологија за 2026 година;

10. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026 година;
11. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областана заштитата и спасувањето, противпожарната заштита иуправување со кризи во 2026 година
12. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување на вработените и тим билдинг за 2026 година;
13. Предлог-Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фонданции за 2026 година;
14. Предлог-Програма за Локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2026 година;
15. Предлог-Програма за млади на Општина Крива Паланка за 2026 година;
16. Предлог-Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2026 година;
17. Предлог- Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2026 година;
18. Предлог-Програма за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2026 година;
19. Предлог-Програма за одржување на јавна чистота во град Крива Паланка за 2026 година;
20. Предлог-Програма за подигање и одржување на урбано зеленило во Крива Паланка за 2026 година;
21. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2026 година;
22. Предлог-Програма за животна средина на Општина Крива Паланка за 2026 година;
23. Предлог-Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2026 година;
24. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2026 година;
25. Предлог-Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2026 на подрачјето на Општина Крива Паланка;
26. Предлог-Одлука за усвојување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Крива Паланка (2025-2030);
27. Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за давање на согласност за продажба на недвижен имот-објект сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање (втора објава);
28. Предлог-Одлуказа ослободување од партиципација на деца Роми на возраст од три до шест години за престој во О.Ј.У.Д.Г. „Детелинка”за учебната 2025/2026 година;
29. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за доделување на финансики средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за исплата на долг по основ на доспеани, а неплатени обврски;
30. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари без надомест – фотоволтаични централи на кров на ОЈУДГ „Детелинка“, ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – зграда Партизан и ОУД „Боро Менков“;
31. Предлог-Решение за разрешување членови на Управниот одбор на ОЈУДГ „Детелинка“- Крива Паланка;
32. Предлог-Решение за именување членови на Управниот одбор на ОЈУДГ „Детелинка“- Крива Паланка;
33.Предлог-Решение за разрешување членови на Управниот одбор на ЛУ Градски Музеј - Крива Паланка;
34. Предлог-Решение за именување членови на Управниот одбор на ЛУ Градски музеј “ - Крива Паланка;
35. Предлог-Решение за разрешување членови на Управниот одбор на Дом за ученици– „Боро Менков“ - Крива Паланка;
36. Предлог-Решение за именување членови на Управниот одбор на Дом за ученици–„Боро Менков“ - Крива Паланка;
37. Предлог-Решение за разрешување на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;

38. Предлог-Решение за именување на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;

39. Предлог-Решение за разрешување на членови на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;

40. Предлог- Решение за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;

41. Предлог-Одлука за утврдување висина на месечен надоместок на претседателот и членовите на Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;

42. Предлог-Одлука за утврдување висина на месечен надоместок на претседателот и членовите на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатиеза комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка.

43.Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2026 година;
44.Предлог-Програма за измена и дополна на Развојна Програма ЈДА за Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година;
45.Предлог-Програма за измена и дополнување на Развојна Програма JLA за „Партерно уредување на мајор коритото на Крива Река -дел 1 и 4“ за периодот 2025-2027 година;
46.Предлог-Програма за измена и дополнување на Развојна Програма ЈНА за изградба на спортско -рекреативни и детски игралишта и уредување на јавни површини на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година;
47.Предлог-Одлука за усвојување на План на програма за развој -образец В1 за Развојна програма ЈДВ „Реконструкција на дел од ул.Св.Јоаким Осоговски делница од дол Единство до спој со државен пат А1 со изградба на атмосферска канализација“ за периодот 2025-2027 година;
48.Предлог-Одлука за усвојување на План на програма за развој за Развојна програма ЈДБ-Образец В1 за „Реконструкција на патен правец за Калин Камен“ за периодот 2025-2027 година;
49.Предлог-Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка за III-од квартал за 2025 година;
50.Предлог-Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;
51.Предлог-Решение за именување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;

Расправа по точки од дневен ред

1. Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1, К2 и К3 за III Квартал за 2025 година

Претседателката на комисија за финансиски прашања и локален економски развој даде објаснување Тања Д.Митровска по однос на одржаната комисија каде точките биле разгледани и детално објаснети од службите и оваа точка била усвоена со 3 гласа ЗА и предлага на советот да се усвои.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советничката Виолета С.Станојковска има обврските општината кои не ги има надмирени и сервисирани.Исто така реализација на даночни приходи за овој квартал е со 33%помала во однос на претходниот квартал за 2024 година итн.Има намалени приходи од друга страна а зголемен број на доспеани а ненадмирени обврски на општината.Развојните програми биле донесени претходната седница на советот и ако се соберат сумите за 2026г тоа би било голем износ по развојна програма и сегапак има развојни програми кои што треба да се донесат на денешната седница.Советничката постави прашање дали општината ќе биде доведена во ситуација за 2026 година да не може да се сервисирааат ни тековните обврски за наредната година.

Според советникот Александар Рангелов општината за 9 месеци има долг од 61 мил .денари а тоа значи дека општината троши средства кои ги нема презема обврски без покритие граѓаните плаќаат за туѓата неодговорност.Според советничката сега се разгледува состојбата до 30.09.2025 година

Советничката Тања Д.Митровска упати реплика до советничката дека буџетот не е само бројки туку цела аналитика на податоци на општината за нејзините проекти и нејзиниот развој.
Според советничката за да се разбере буџетот треба детално да се регледа и разбере и даде свое видување и објаснување.

Советничката Виолета С.Станојковска упати реплика на колешката дека бројките во буџетот се многу но според советничката овој буџет е загрозен а истиот се оптоварува со други тековни развојни програми кои денес ќе бидат донесени.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Квартален извештај заизвршување на Буџетот на Општина КриваПаланка К1, К2 и К3 за III Квартал за 2025 година**

2. Предлог-Одлука за усвојување на Финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година преку општинските изборни комисии за месец август – ноември

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година преку општинските изборни комисии за месец август – ноември**

3.Предлог- Одлука за прифаќање и доделување на организација на спортските активности ,,Фудбал за сите ‘’и ,,Општински крос”на Општински училишен спорт-Крива Планка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за прифаќање и доделување на организација на спортските активности ,,Фудбал за сите ‘’и ,,Општински крос”на Општински училишен спорт-Крива Планка**

4. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка одобласта на спорт за 2026 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Александар Рангелов побара објаснување зошто на кошаркарскиот клуб во Општина Крива Паланка му се доделени средства од 100 000 денари за разлика од претходните години кога биле доделени повеќе средства.Исто така советникот имал информација дека нередовно биле исплатени средствата спрема клубот од страна на општината .Според советникот клубот има меѓународни натпревари и истиот има постигнато резултати.

Раководителот на Одделение Даниела Милошевска даде објаснување

Советникот Александар Рангелов упати забелешка бидејќи не беше даден конкретен одговор на неговото поставено прашање.

Раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот Даниела Велковска даде објаснување дека секоја програма пред да биде донесена може да биде корегирана бидејќи советниците ги донесуваат одлуките без разлика кој е предлагач.

Советникот Александар Рангелов даде предлог од неговата советничка група средставта за кошаркарскиот клуб да останат како до сега 300 000 денари.

Предлогот на советникот Рангелов не беше усвоен со 7 гласа ЗА и 8 воздржани.

Советникот Влатко Ристовски имаше дадено предлог по однос на оваа програма дека општината треба да размислува во наредниот период да се даде финансиска подршка за формирање на фудбалски клуб во голем фудбал (сениорски )и намената на трибините е за посетување на граѓаните каде ќе се одржуваат натпревари и ќе биде гордост на градот.

Предлог даден од страна советникот Влатко Ристовски оваа програма да биде проширена со финансиска подршка од 1 мил. денари за основање на сениорски фудбалски клуб.

Предлогот на советникот Ристовски беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со 15 гласа ЗА.

Претседателот на комисијата за јавни дејности Боби Димитровски даде објаснување за одржаната комисија каде истиот предлог бил изгласан со 4 гласа ЗА.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за активностите на Општина Крива Паланка одобласта на спорт за 2026 година;**

5. Предлог-Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2026 година;

Претседателот на комисијата за јавни дејности Боби Димитровски даде објаснување од комисијата дека во цел 5 има техничка грешка се дуплираат 1 и 3 савка каде 3 ставка се отстранува каде се јавува промена и во буџетот ќе бидат намалени 10 000 денари и оваа програма била изгласана со 4 гласа ЗА.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Добри Јовевски имал дадено предлог на самата комисија и истиот бил усвоен со 4 гласа ЗА. Програмата за одликува нашата општина и има добри елементи каде се подржуватаат учениците ,студентите наставниците и културните образовни сктивности кои

го подобруваат воспитно образовниот процес кај учениците.Советникот укажа на делот што недостасува во самата програма и тоа да се додаде активност кое ќе биде вклопено во оперативниот план а тоа е унапредување на менталното здравје и благосостојбата на учениците со активности како што се превенција од врсничко насилство,подршка на учениците во психосоцијален ризик,соработка со здравствени и социјални институции и програми за емоцијонална писменост и развивање на животни вештини кај учениците.

Според советникот не бара голем буџет да се додава во самата програма може да се додадат 10000 денари.

Предлогот на советникот Добри Јовевски беше ставен на гласање и стиот беше усвоен едногласно од страна на советниците.

Советничката Слагана В.Петковска имаше забелешка во делот за стипендирање на талентирани ученици да биде поредовно исплаќањето.Исто така според советничката би требало да има симболични парични награди за учениците кои што ќе освојат награда на државни натпревари.

Советничката Виолета С.Станојковска имаше предлог за учениците кои постигнуваат награда на државни натпревари дека треба да добијат признание за нивниот талент и труд мотивација за учество на други натпревари и тоа да се направи организација на бесплатна три дневна ескурзија за талентирани ученици од основните и средните училишта.Афирмација на нашата општина дека го цени трудот на учениците.

Според претседателот на комисјата за јавни дејности би требало ваквите предлози да се даваат на самите комисии.Самите училишта имаат свој буџет и би требало нешто да биде направено од нивна страна да се мотивираат учениците .

Советничката Виолета С.Станојковска имала свои причини зошто не била на комисја и има право да се даде иницијатива на самата седница на советот.Училиштата имаат буџет но тоа не е исто ова е програма за образование на општина Крива Паланка која треба да ги потикне учениците и дека се грижи за истите.

Раководителката на Јавни дејности Даниела Милошевска даде објаснување за првиот предлог од страна на советникот Добри Јовевски бидејќи истиот бил дискутиран и на комисијата и дека на училиштата ќе им се даде задолежение дека треба да спроведуваат такви активности.

Според советникот Влатко Ристовски во предизборната програма градоначалникот имал ветено мерка за бесплатен оброк за секој ученик од 1 до 5 одделение што се планира со оваа мерка дали истата е заборавена и дали ќе може мерката да биде ставена во програмата.

Предлогот на советникот Добри Јовевски беше усвоен со 15 глаза ЗА.
Предлогот на советничката Слаѓана П.Вучевска не е усвоен со 7 гласа ЗА и 8 воздржани.
Предлогот на советничката Виолета С.Станојковска не е усвоен со 7 гласа ЗА и 8 воздржани.
Предлогот на советникот Влатко Ристовски не е усвоен со 7 гласа ЗА и 8 воздржани.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2026 година;**

6.Предлог-Одлука за прифаќање на фестивалот ЏОЈ ФЕСТ како дел од Програмата за активностите на Општина Крива Планка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година со доделување на финансиска подршка

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за прифаќање на фестивалот ЏОЈ ФЕСТ како дел од Програмата за активностите на Општина Крива Планка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година со доделување на финансиска подршка**

7. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка вообласта на културата и културните манифестации за 2026 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Александар Рангелов при разгледување на програмата настаните се во ред но што било забележано а интересно за анализа може да се види дека најбитните настаните кои ќе се организираат најголем дел од нив се преку фондација со срце за Крива Паланка.Од страна на советничката група на ВМРО - ДПМНЕ имало доставено писмо и побарано на писмено информација од страна на службите и градоначалникот за таа фондација.

Раководителката на јавни дејности Даниела Молошевска даде објаснување.

Раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот Даниела Велковска даде објаснување дека советот е основач на фондацијата истите имаат статут за работа.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа Заи 7 воздржани,Советот донесе- **Програма за активностите на Општина Крива Паланка вообласта на културата и културните манифестации за 2026 година;**

8. Предлог- Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година во Општина Крива Паланка;

Председателот на комисија за јавни дејности даде објаснување од одржаната комисија и дека програмата е усвоена со 4 гласа ЗА.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Виолата С.Станојковска имаше иницијатива за програмата во дел 1 социјална заштита каде се вклучени лица жртви на семејно насилство а во активностите не се спомenети претходно имало доставено иницијатива од страна на претходната советничка група на ВМРО -ДПМНЕ за подржшка на лица жртви на семејно насилство.

Советникот Влатко Ристовски имаше даденопредлог кој бил исто така во предизборната програма на градоначалникот а мерките ги нема во програмата а се однесува на финансиска помош од 3000 до 6000 денари за пензионери со ниски примања,сувенции за купување на огревно дрво и организација на еднодневни ескурзии на пензионери.

Прелогот на советникот беше ставен на гласање и истиот не беше усвоен со 7 глаза ЗА и 8 воздржани.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година во Општина Крива Паланка;**

9. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко- комуникациската технологија за 2026 година;

Председателот на комисија за јавни дејности даде објаснување од одржаната комисија и дека програмата е усвоена со 4 гласа ЗА со предлог од советникот Добри Јовевски.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советникот Добри Јовевски во ставката за набавка на дигитални уреди и информатицка технологија на општинската администрација недостасуа набавката на дигитални уреди за советниците. Исто така советникот имаше дадено забелешки за web страната на општината.

Раководителката Сања Цветковска даде објаснување

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко-комуникациската технологија за 2026 година;**

10. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за активностите на Општина Крива Паланка за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026 година;**

11. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областана заштитата и спасувањето, противпожарната заштита иуправување со кризи во 2026 година

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областана заштитата и спасувањето, противпожарната заштита иуправување со кризи во 2026 година**

12. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување на вработените и тим билдинг за 2026 година;

Раководителот на Одделение за човечки ресурси даде објаснување дека има техничка грешка дека треба да се додаде дека се работи и за советниците а не само за општинската администрација.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за активностите на**

**Општина Крива Паланка за стручно усовршување на вработените и тим билдинг за 2026 година;**

13. Предлог-Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фонданции за 2026 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фонданции за 2026 година;**

14. Предлог-Програма за Локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2026 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за Локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2026 година;**

15. Предлог-Програма за млади на Општина Крива Паланка за 2026 година;

Председателот на комисијата за јавни дејности даде објаснување од страна на комсијата каде имало техничка грешка во самата сума и програмата била усвоена со 4 гласа ЗА.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за млади на Општина Крива Паланка за 2026 година;**

16. Предлог-Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2026 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2026 година;**

17. Предлог- Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2026 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Добри Јовевски ја поздравува иницијативата за изработка на техничка документација за улицата од Дом на култура до Маневски мост и се надева дека средства ќе бидат обезбедени и проектот реализиран.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2026 година;**

18. Предлог-Програма за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2026 година;

Раководителот Никола Граматиков даде објаснување.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

